# ГОДИШНИНАТА ОД СМРТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Изработиле: Михаела
Анастасовска и Јана Јанчева

# Смрта на Гоце Делчев





Гоцевата смрт била регистрирана во повеќе османлиски телеграми. Борбата кај Баница најпрво била регистрирана во шифрираната телеграм од управата на Серскиот санџак од 4 мај 1903 година, а Гоцевата смрт во шифрираната телеграма на Солунската окружна управа од 5 мај 1903 година. Османлиското задоволство било големо. Високата порта издала официјално соопштение со што ставила посебен акцент на настанот. Во тој контекст, Хусеин Тефиков бил унапреден во аскерски полковник. Ненадејната смрт на Гоце, нашла место во дипломатските извештаи.




Преследвана чета отъ турския аскеръ.



През миналата седмица от София бяха изпратени за Македония костите на голямия македонски революционер Гоце Делчев, които от сега нататък ще почиват в Скопие — столицата на земята, за която той даде живота си.

Трагичната судбина на Гоце ја завила Македонија во траур. Неговата смрт претставува ненадоместлива загуба за македонскиот народ. Овај настан особено ги погодил смилевските конгресисти. На 31 годишна возраст слегла од животната и историската сцена, несомнено, најдинамичната личност на македонското револуционерно национално ослободително движење во предилинденскиот период, којшто оставил трајни траги во поновата македонска историја.







# Чествување на ликот на Гоце Делчев

- Чествувањето на ликот на Гоце Делчев е тесно поврзано со неговата револуционерно национално-ослободителна борба. Едно од најголемите чествувања е пренесувањето на Гоцевите останки од Софија во црквата „Св. Спас“ во Скопје, ова чествување било една од најголемите манифестации во историјата на современата македонска држава со највисоки државни и воени почести. Во конаците на црквата Св. Спас е сместен Музејот на Гоце Делчев, во кој се изложени парчиња на оружје и други експонати. Може да се најде комитска облека, може да видите парчиња оружје од приватни колекции, јатагани, куршуми, пушки и др..